ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТРУДОВО И СОЦИЈАЛНО ПРАВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЗАКОН ЗА ПРИВАТНИТЕ АГЕНЦИИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

(Службен весник бр. 113/18 и 18/2020)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со овој закон се уредуваат условите и постапката за основање и работа на приватните агенции за вработување.

Член 2
(1) Приватна агенција за вработување се основа за вршење на една или повеќе од следниве работи:
- привремено вработување,
- посредување за вработување во земјата,
- посредување за вработување во странство и
- посредување за вработување во земјата и странство.
(2) Приватна агенција за вработување не може да врши друга дејност освен дејноста за која е регистрирана.
(3) Приватна агенција за вработување може да наплатува надоместок за извршените услуги единствено од работодавач корисник или потенцијален работодавач.

**Дефиниции**
Член 3
(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1. „Приватна агенција за вработување” е правно лице, кое во согласност со закон врши привремени вработувања и/или посредување за вработување со наплата;
2. „Работодавач корисник” е правно или физичко лице за кого и под чиј надзор и раководење работи привремениот агенциски работник;
3. „Привремен агенциски работник” е работник кој врз основа на склучен договор за вработување со приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, е отстапен на привремена работа кај работодавач корисник да работи под негов надзор и раководење;
4. „Период на отстапување” е период во кој привремениот агенциски работник е отстапен на привремена работа кај работодавач корисник;
5. „Потенцијален работодавач“ е правно или физичко лице во земјата или странство, кај кое се упатува лицето за можно вработување;
6. „Барател на работа“ е физичко лице кое е корисник на услугите на приватна агенција за вработување, заради негово можно вработување;
7. „Лице упатено за можно вработување“ е физичко лице кое се упатува кај потенцијален работодавач заради негово можно вработување, врз основа на склучен договор со приватна агенција за вработување која врши посредување за вработување;

8. „Основни услови за работа и вработување” претставуваат услови за работа и вработување утврдени со закон, колективните договори и актите на работодавачот корисник, кои се однесуваат на должината на работното време, прекувремената работа, паузите, периодите за одмор, ноќната работа, празниците и надоместоците;
9. „Посредување за вработување“ е дејност на приватна агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата и/или странство, заради задоволување на барањата на потенцијалниот работодавач и барателот на работа за вработување.
10. „Краткотрајно вработување” е вработување врз основа на договор за вработување на привремен агенциски работник од страна на приватната агенција за вработување, за времетраење најмногу до 90 работни часа во текот на месецот.
(2) Одредбите од овој закон не се применуваат во случаи на посредување за вработување во странство на студенти за време на студирањето.
Член 4
(1) Приватните агенции за вработување имаат еднаков третман со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во посредувањето за вработувањето и пристапот до базата на податоци за невработените лица на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заради избор на кандидати за вработување.
(2) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и приватните агенции за вработување меѓусебно разменуваат информации за слободните работни места и упатување на невработени лица заради вработување.
(3) Размената на информации од ставот (2) на овој член, се врши во електронска форма, врз основа на претходно склучен договор.
II. ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
Член 5
(1) Приватна агенција за вработување може да основа физичко или правно лице под услови и во постапка предвидени со овој закон.
(2) Физичко лице може да основа приватна агенција за вработување, доколку ги исполнува следниве услови:
- има најмалку средно образование и
- не му е изречена мерка забрана за вршење на дејност.
(3) Правно лице може да основа приватна агенција за вработување, доколку е регистрирано согласно со Законот за трговските друштва и ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Член 6
(1) Постапката за основање на приватна агенција за вработување се поведува со поднесување на барање до министерството надлежно за работите од областа на трудот.
(2) Формата и содржината на образецот на барањето и потребната документација за основање на приватна агенција за вработување, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.
(3) Исполнетоста на условите од членот 5 од овој закон, го утврдува Комисија, формирана од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(4) На предлог на Комисијата од ставот (3) на овој член, министерот надлежен за работите од областа на трудот донесува решение за основање на приватна агенција за вработување, врз основа на кое се врши упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(5) Со уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, приватната агенција
за вработување се стекнува со својство на правно лице.
(6) По уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија, приватната агенција
за вработување до министерството надлежно за работите од областа на трудот ги доставува сите потребни документи и докази за исполнување на условите, потребни за добивање на секоја соодветна лиценца од членовите 9 и 11 од овој закон.
(7) Приватна агенција за вработување не може да започне со работа пред уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија и добивање на соодветната лиценца, издадена од страна на министерството надлежно за работите од областа на трудот.
(8) Доколку не се исполнети условите предвидени во членот 5 од овој закон, министерството надлежно за работите од областа на трудот, ќе донесе решение за одбивање на барањето.
(9) Против решенијата од ставовите (4) и (8) на овој член, може да се изјави жалба, во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ЛИЦЕНЦИ
Член 7
(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот издава лиценци за:
- привремени вработувања,
- посредување за вработување во земјата,
- посредување за вработување во странство и
- посредување за вработување во земјата и странство.
(2) За привремени вработувања се издаваат следниве лиценци:
- ЛИЦЕНЦА А - за склучување договори за привремени вработувања на над 500 привремени агенциски работници,
- ЛИЦЕНЦА Б - за склучување договори за привремени вработувања од 251 до 500 привремени агенциски работници,
- ЛИЦЕНЦА В - за склучување договори за привремени вработувања од 101 до 250 привремени агенциски работници и
- ЛИЦЕНЦА Г - за склучување договори за привремени вработувања до 100 привремени агенциски работници.
(3) Бројот на склучени договори за привремени вработувања кои се утврдени во ставот (2) на овој член, се однесува на бројот на активни договори за привремени вработувања и истиот не смее да го надминува бројот на договорите за кои е издадена соодветната лиценца за вршење на привремени вработувања, во кој било момент во тековниот месец.

(4) Приватна агенција за вработување може истовремено да има лиценца за привремени вработувања и лиценца за посредување за вработување, доколку ги исполнува условите за добивање на секоја лиценца поединечно.

Член 8

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот води регистар на приватни агенции за вработување.
(2) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.
(3) Државниот инспекторат за труд врши надзор над примената на овој закон.
(4) Министерството надлежно за работите од областа на трудот врши надзор над работењето на приватните агенции за вработување.
(5) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија обезбедува пристап на овластено лице од министерството надлежно за работите од областа на трудот до електронскиот систем, заради проверка на бројот на вработените кај приватните агенции за вработување.

УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА

**Лиценца за привремени вработувања**
Член 9
(1) За добивање на лиценца - А за привремени вработувања, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да има банкарска гаранција во висина од 50.000 евра во денарска противвредност, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија,
- да располага со деловен простор на иста локација во сопственост или под закуп, од најмалку 60м2, кој ги исполнува условите согласно со прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку шест лица на неопределено време со полно работно време.

(2) За добивање на лиценца - Б за привремени вработувања, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да има банкарска гаранција во висина од 30.000 евра во денарска противвредност, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија,
- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од најмалку 50м2, кој ги исполнува условите согласно прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку пет лица на неопределено време, со полно работно време.

(3) За добивање на лиценца - В за привремени вработувања, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да има банкарска гаранција во висина од 20.000 евра во денарска противвредност, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија,

- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од најмалку 40м2, кој ги исполнува условите согласно прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку четири лица на неопределено време, со полно работно време.

(4) За добивање на лиценца - Г за привремени вработувања, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:

- да има банкарска гаранција во висина од 10.000 евра во денарска противвредност, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија,
- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од најмалку 20м2, кој ги исполнува условите согласно прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку две лица на неопределено време, со полно работно време.

(5) Банкарската гаранција од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, банката ја доставува непосредно до министерството надлежно за работите од областа на трудот.
(6) Банкарската гаранција не може да се повлече за периодот на важењето на лиценцата и дополнителни три месеци по истекот на важењето на лиценцата, без согласност на министерството надлежно за работите од областа на трудот.
(7) Приватната агенција за вработување, е должна да го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот за отворање на подружница во рок од пет дена од денот на запишувањето на подружницата во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 10
(1) Банкарската гаранција ќе биде наплатена, доколку приватната агенцијата за вработување со лиценца за привремени вработувања на работникот не му исплатила плата и надоместоци на плата три месеци од денот на настанување на обврската.
(2) Банкарската гаранција, во цел износ или делумно, се наплатува по доставување на известување од страна на министерството надлежно за работите од областа на трудот, по претходно добиен записник од Државниот инспекторат за труд за неплатени плати и надоместоци на плати од страна на приватната агенцијата за вработување со лиценца за привремени вработувања и доказ за неподмирени обврски по основ на плати и надоместоци на плати од Управата за јавни приходи.
(3) По извршен инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд во кој ќе се утврди периодот за исплата на плати и надоместоци од плати и бројот на вработените на кои не им се исплатени платите и надоместоците од плати, ќе се изврши наплатата на средствата од банкарската гаранција, согласно со закон, во обем на средствата од гаранцијата.

**Лиценци за посредување за вработување**
Член 11
(1) За добивање на лиценца за посредување за вработување во земјата, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од

најмалку 30м2, кој ги исполнува условите согласно прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку две лица на неопределено време, со полно работно време.

(2) За добивање на лиценца за посредување за вработување во странство, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од најмалку 30м2, кој ги исполнува условите согласно со прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку две лица на неопределено време, со полно работно време.

(3) За добивање на лиценца за посредување за вработување во земјата и странство, приватната агенција за вработување треба да ги исполнува следниве услови:
- да располага со деловен простор на иста локација, во сопственост или под закуп, од најмалку 40м2, кој ги исполнува условите согласно прописите за безбедност и здравје при работа и
- да има вработено најмалку три лица на неопределено време со полно работно време.

ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ЛИЦЕНЦАТА

Член 12

(1) Лиценците од членот 7 од овој закон, ги издава министерството надлежно за работите од областа на трудот, по претходно доставено барање од приватната агенција за вработување, со докази за исполнување на бараните услови од членовите 9 и 11 од овој закон, за соодветната лиценца, по претходно спроведен надзор од инспекторот за труд за исполнетоста на условите од членот 5 од овој закон.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член, Државниот инспекторат за труд го врши во рок од 15 дена од приемот на барањето за вршење на надзорот, доставено од страна на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Член 13

Лиценците од членот 7 од овој закон, министерството надлежно за работите од областа на трудот ги издава во рок од 30 дена од денот на доставување на документите и доказите за исполнување на условите за добивање на лиценца.

Член 14

(1) Лиценците од членот 7 од овој закон, се издаваат со важност од две години, со можност за нивно продолжување.

(2) Продолжувањето на важноста на лиценцата се врши со поднесување на барање до министерството надлежно за работите од областа на трудот, најдоцна 60 дена пред истекот на важноста на лиценцата, со доставување на потребните документи за исполнување на условите за добивање на соодветната лиценца и по претходно извршен надзор од страна на Државниот инспекторат за труд и истата има важност по истекот на важноста на претходната лиценца.

(3) По две последователни продолжувања, лиценцата се издава со важност од пет години, со можност за продолжување од пет години за секоја наредна издадена лиценца, по барање на приватната агенција за вработување.
(4) Лиценцата се издава и гласи на приватната агенција за вработување како правно лице.
(5) Лиценцата мора да биде истакната во просториите на приватната агенција за вработување.
(6) Доколку во текот на времетраењето на лиценцата настанат промени на податоците содржани во лиценцата, министерството надлежно за работите од областа на трудот ќе издаде нова лиценца за преостанатото време на важење на лиценцата, а претходно издадената лиценца ќе престане да важи.
(7) Лиценцата може да се пренесе во целост или делумно на друго лице.

## ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА

### Член 15

(1) Лиценците од членот 7 од овој закон, престануваат да важат и приватната агенција за вработување се брише од регистарот од членот 8 од овој закон, по службена должност, во следниве случаи:
- со денот на истекот на важењето на лиценцата, ако не било побарано продолжување на лиценцата, согласно со овој закон или лиценцата не била продолжена поради неисполнување на условите утврдени со овој закон,
- ако во рок од пет дена од настанувањето на промените во врска со условите за добивање на лиценца, приватната агенција за вработување не го извести за тоа министерството надлежно за работите од областа на трудот,
- доколку во рок од 15 дена од денот на известувањето за настаната промена од алинејата 2 на овој став, приватната агенција за вработување не приложи доказ за повторно исполнување на условите,
- ако приватната агенција за вработување дејноста ја врши спротивно на дејноста за која и е издадена лиценцата,
- ако приватната агенција за вработување ги промени адресата и седиштето, а за тоа во рок од пет дена не го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот, заради промени во регистарот и Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- ако на одговорното лице на приватната агенција за вработување му биде изречена мерка забрана за вршење дејност, должност или професија,
- ако приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, на работниците со кои склучила договори за вработување, не им исплатила плата и надоместоци на плата, три месеци од денот на настанувањето на обврската или платата и надоместоците на плата не ги исплатува, согласно со закон, колективен договор, договорот за отстапување на работник и договорот за вработување,
- ако приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата и во странство, два месеци последователно или за три месеци во текот на календарската година не достави до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, податоци согласно со членот 38 од овој закон,

- по барање од страна на основачот на приватната агенција за вработување, а по претходно извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд и со констатација дека ги исплатил платите и надоместоците на плата за вработените за последниот месец или
- ако приватната агенција за вработување со лиценца за посредување работи спротивно на членот 38 од овој закон.

(2) Против решението на министерството надлежно за работите од областа на трудот за издадена, продолжена и одземена лиценца за привремени вработувања односно посредување, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата од ставот (2) на овој член, не го одлага извршувањето на решението.

Член 16

(1) Со денот на престанокот на важноста на лиценцата за привремени вработувања, престануваат да важат договорите за отстапување и договорите за вработување.

(2) Приватната агенција за вработување е должна да ги одјави привремените агенциски работници првиот работен ден од денот на престанокот на лиценцата, во спротивно истите ќе бидат одјавени од страна на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, врз основа на записник од страна на Државниот инспекторат за труд.

## III. ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

Член 17

Приватна агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања врши привремени вработувања за привремени работи кај друг работодавач, со надоместок, согласно со овој закон.

Член 18

Привремените вработувања се вршат врз основа на претходно склучени:
- договор за отстапување на работник меѓу приватна агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и работодавач корисник и
- договор за вработување склучен меѓу приватна агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и привремен агенциски работник кој се отстапува на работодавач корисник.

Член 19

Основните услови за работа и вработување на привремените агенциски работници кои треба да бидат исполнети за времетраењето на нивното отстапување кај работодавачот корисник, се истите оние услови кои би се обезбедувале доколку работниците би биле вработени директно од страна на истиот работодавач, за извршување на истата работа.

Член 20

Правата коишто произлегуваат од работниот однос, содржани во општите прописи за работните односи и безбедност и здравје при работа, се однесуваат и на привремените агенциски работници од приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања.

Член 21

(1) Работодавачот корисник, е должен да ги информира привремените агенциски работници, за времето додека се отстапени, за сите објавени огласи за слободни работни места кај работодавачот корисник, преку истакнување на јавните огласи на видно место кај работодавачот корисник или по пат на електронска пошта, смс порака или на веб страница на работодавачот корисник, за да им обезбеди еднаква можност за вработување на определено или неопределено време, како и на другите работници.

(2) Работодавачот корисник треба да обезбеди еднаков пристап на привремените агенциски работници до обуките предвидени за вработените кај работодавачот корисник, заради подобрување на нивните знаења и способности за вработување и напредувањето во работата.

Член 22

Во договорите за вработување не може да се утврдуваат одредби со кои се забранува или спречува склучување на договори за вработување меѓу работодавач корисник и привремен агенциски работник за време на неговото отстапување и по неговото отстапување, а доколку договорите содржат вакви одредби, истите се неважечки и ништовни, од моментот на склучувањето на договорот.

Член 23

Привремените агенциски работници имаат право на учество преку свои претставници во телата кои ги претставуваат работниците, кои, согласно со прописите, се формираат кај работодавачот корисник, на ист начин како тие да биле директно вработени од работодавачот корисник, за истиот временски период.

Член 24

(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, врз основа на договор за отстапување на работник на работодавачот корисник, отстапува работник за вршење на привремени работи во следниве случаи:

- замена на привремено отсутен работник,
- привремено зголемен обем на работа,
- сезонска работа,
- работа на проект,
- специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник или
- непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник, со вршење на краткотрајни вработувања.

(2) Договор за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од две години, со или без прекин.
(3) Приватната агенција за вработување не смее да отстапува работник за вршење на исти работи кај ист работодавач подолго од две години, со или без прекин.

Член 25
(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања врши наплата на надоместок за услугите од работодавачот корисник.
(2) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања не може да наплати надоместок за услугите за привременото вработување од лицата кои ги вработува и отстапува на работодавач корисник.

ОТСТАПУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ РАБОТИ

**Договор за отстапување на работник на работодавач корисник**
Член 26
(1) Отстапувањето на работник за вршење на привремени работи се врши врз основа на договор за отстапување на работник кој го склучуваат приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и работодавачот корисник.
(2) Договорот за отстапување на работник задолжително се склучува во писмена форма.
(3) Примерок од секој склучен договор за отстапување на работник се чува во работните простории на кои е регистирано седиштето на приватната агенција за вработување и на работодавачот корисник.
(4) Договорот за отстапување на работник од ставот (1) на овој член, задолжително содржи:
- податоци за договорните страни,
- работно место и видот на работите кои ќе ги врши отстапениот работник,
- местото во кое ќе се извршуваат работите,
- податоци за работно време, распоред на работно време, работни часови,
- број на работници кои се потребни на корисникот,
- потребните квалификации на работниците за извршување на работите,
- податоци за висина на основната плата,
- периодот за кој се бара отстапување на работникот,
- лице за контакт од страна на работодавачот корисник,
- период во кој работодавачот корисник е должен да ги уплати средствата за плата и надоместоци на плата, согласно со закон и колективен договор, при што платата на привремениот агенциски работник не може да биде помала од платата на работник кај работодавачот корисник на исти или слични работи,
- обврска на работодавачот корисник да достави на приватната агенција за вработување извештај за остварени работни часови на работникот,
- висината на надоместокот за услугите на приватната агенција за вработување,

- обврска на работодавачот корисник да обезбеди исто ниво на заштита на здравје и безбедноста при работа на привремениот агенциски работник како и за другите работници и
- условите и начинот на користењето на одмори и отсуства на привремениот агенциски работник, согласно со закон и колективен договор.
(5) Договор од ставот (1) на овој член, не може да се склучи:
- за замена на работник кај работодавачот корисник за време на штрајк, освен доколку не е обезбеден минимум процес на работа согласно со закон и
- за отстапување на работник на друга приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања или од еден на друг работодавач корисник.

Член 27
(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања подготвува и доставува посебна пресметка за плата и надоместоци на плата, за вработените кај работодавачот корисник, за секој работодавач корисник поединечно и за вработените во приватната агенција за вработување поединечно.
(2) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања е должна платата и надоместоците на плата на отстапениот привремен агенциски работник да му ги исплати согласно со закон и колективен договор. Ако работодавачот корисник изврши уплата на плата и надоместоци на плата пред рокот утврден со закон и колективен договор, приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања може на привремениот агенциски работник да му исплати плата и надоместоци на плата наредниот ден од денот на приемот на уплатата од работодавачот корисник.

Член 28
Доколку работодавачот корисник не исплати една фактура кон приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, во рокот утврден во договорот за отстапување, агенцијата има право еднострано да ги раскине договорот за отстапување со работодавачот корисник и договорите за вработување со привремените работници, по претходно намирување на обврските од работен однос кон привремените агенциски работници и за ова да ги извести привремените агенциски работници и Државниот инспекторат за труд.

**Договор за вработување**

Член 29
(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, пред отстапувањето на работникот кај работодавачот корисник, склучува договор за вработување со работникот кој се отстапува, согласно со прописите од областа на работните односи.
(2) Договорот од ставот (1) на овој член, покрај елементите предвидени во прописите од областа на работните односи, задолжително треба да содржи и:
-податоци за договорните страни,
-период за кое работникот се отстапува на работодавачот корисник,

- датум на почеток и завршеток на работата кај корисникот,
- назив и седиште на работодавачот корисник,
- местото на извршување на работата,
- опис на работите кои работникот ќе ги врши кај работодавач корисник,
-работното време (дневно и неделно),
- висината на платата и
- обврските на приватната агенција за вработување кон работникот во времето кога е отстапен на корисникот.

Член 30

(1) Основната плата на привремениот агенциски работник не може да биде помала од платата на работник кај работодавачот корисник на исти работи, а ако таков работник нема, од платата на работникот на слични работи од соодветната дејност.

(2) Работодавачот корисник е должен на приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања да и даде точни податоци за висината на основната плата на привремениот агенциски работник.

Член 31

Работодавачот корисник во однос на привремениот агенциски работник се смета за работодавач, во смисла на примената на одредбите од овој и друг закон, како и прописите од областа на безбедност и здравје при работа и е одговорен за безбедноста и здравјето при работа на привремениот агенциски работник.

Член 32

(1) Привремениот агенциски работник е должен работата да ја врши согласно со упатствата на работодавачот корисник.

(2) Привремениот агенциски работник има право да ја одбие работата во случај кога:
- работодавачот корисник не му обезбедува заштита, согласно со прописите за безбедност и здравје при работа,
- работодавачот корисник го преотстапува на друг работодавач корисник, спротивно на овој закон или
- работодавачот корисник го става во нееднаква положба по основ на расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, друг основ или заради други лични околности, согласно со закон, колективен договор или акт на работодавачот.

(3) Привремениот агенциски работник за одбиената работа од ставот (2) на овој член, е должен писмено да ги извести работодавачот корисник, приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и Државниот инспекторат за труд.

Член 33

(1) Договорот за вработување, приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања и привремениот агенциски работник, можат да го раскинат пред истекот на времето за коешто е склучен, во случаи утврдени со закон, со отказен рок од најмалку седум дена или друг подолг рок кој страните ќе го договорат, но не подолг од 30 дена.
(2) Престанок на потребата за работник кај работодавачот корисник пред истекот на рокот наведен во договорот, не може да биде причина за раскинување на договорот, ниту меѓу работодавачот корисник и приватната агенцијата за вработување, ниту меѓу приватната агенција за вработување и работникот, освен во случај на земјотрес, пожар, поплави и други елементарни непогоди.

IV. ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 34
(1) Приватна агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување, врши услуги на посредување за вработување со наплата, врз основа на договор склучен со потенцијален работодавач, под услови и во постапка утврдени со овој закон.
(2) Приватната агенција за вработување посредувањето го врши со наплата на надоместокот на услугите за посредувањето од работодавачот.
(3) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување, не може да наплати надоместок за услугите за посредување од лицето упатено за можно вработување кај работодавач.

Член 35
(1) Приватна агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување, посредувањето го врши врз основа на барање доставено од потенцијалниот работодавач за вработување на лица упатени за можно вработување за одредена работна позиција.
(2) Приватната агенција за вработување, со лиценца за посредување за вработување врши:
- информирање на барателите на работа за отворените понуди за работа,
- претходни разговори за утврдување на квалификациите на барателот на работа,
- проверка на вештини и компетенции на барателите на работа и
- интервју (разговор) со потенцијален работодавач.

Член 36
(1) Посредување за вработување во земјата се врши врз основа на претходно склучен договор меѓу приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за можно вработување во земјата.
(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, задолжително се утврдуваат условите и начинот во врска со посредувањето за вработување во земјата, како и условите за вработување.
(3) Договорот за посредување за вработување во земјата, задолжително ги содржи следниве елементи:

- полн назив на правното односно физичкото лице-потенцијален работодавач, седиште и држава,
- одговорно лице кај потенцијалниот работодавач,
- услови за вработување согласно со општите прописи за работните односи (работни часови, работно место, висина на плата и начин на исплата, услови за работа и слично) и
- правата, обврските и одговорностите на приватната агенција за вработување и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за можно вработување во земјата.

(4) Работодавачот има обврска да ја извести приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата за резултатот од интервјуто за вработување со лицето упатено на разговор за можно вработување.

(5) Работодавачот врши избор со кои од упатените лица ќе склучи договор за вработување.

(6) Доколку работодавачот не изврши избор од упатените лица за можно вработување, може да побара приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата, да упати други лица.

(7) Лицето кое се упатува за можно вработување во земјата, има право на надомест од страна на работодавачот за неисполнетите обврски од договорот за вработување, односно надоместок од приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во земјата за неисполнетите обврски од договорот за посредување.

Член 37

(1) Посредување за вработување во странство се врши врз основа на претходно склучен договор меѓу приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство и потенцијалниот работодавачот од странство со кого ќе биде организирано интервју за можно вработување на барателот на работа, кој аплицирал за вработување преку приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, задолжително се утврдуваат условите и начинот во врска со посредувањето за вработување во странство.

(3) Договорот за посредување за вработување во странство задолжително ги содржи следниве елементи:
- полн назив на правното односно физичкото лице-потенцијален работодавач, седиште и држава;
- одговорно лице кај потенцијалниот работодавач;
- услови за вработување уредени со законодавството на државата во која барателот на работа ќе биде упатен (работни часови, работно место, висина на плата и начин на исплата, услови за работа, како и услови за сместување и други услови согласно законодавството на земјата во која се упатува барателот на работа);
- услови за репатријација (во случај на раскинување на договорот за вработување) и
- други општи услови кои се поврзани со посредувањето при вработување и правата, обврските и одговорностите на приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство и работодавачот кај кого ќе биде упатено лицето за можно вработување во странство.

(4) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство пред упатување на лице за можно вработување во странство, со лицето барател на работа склучува договор за посредување во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски во врска со посредувањето за вработување.
(5) Договорот од ставот (4) на овој член, треба да ги содржи сите важни информации во врска со: работната понуда доставена од работодавачот, работната позиција, висината на платата и начинот на исплата, условите за работа и начинот на обештетување на двете страни за непочитување на договорот за посредување.
(6) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство има обврска да обезбеди договор за вработување од страна на потенцијалниот работодавачот и истиот да го достави на увид на барателот на работа и да му понуди своерачно да го потпише.
(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, за работа на брод, агенцијата за вработување која врши посредување за вработување во странство има обврска да го запознае барателот на работа со содржината на договорот пред заминувањето, а барателот на работа договорот за вработување го потпишува со самото пристигнување на брод.
(8) Лицето кое се упатува за можно вработување во странство, има право на надомест од страна на работодавачот за неисполнетите обврски од договорот за вработување, односно надомест од приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство за неисполнетите обврски од договорот за посредување.

Член 38
(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство е должна, најдоцна до петти во тековниот месец за претходниот месец, да достави податоци за лицата упатени за вработување во странство, до Агенцијата за вработување.
(2) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување во странство, е должна да чува примерок од потпишаните договори во врска со посредувањето согласно со прописите за архивско работење во работните простории на кои е регистирано седиштето на агенцијата.

Член 39
(1) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување не може да:
- ги принудува лицата упатени за можни вработувања кај потенцијалниот работодавач да ја прифатат понудената работа,
- го принудува потенцијалниот работодавач да го прифати како работник лицето упатено за можно вработување,
- користи детски труд при посредувањето за можно вработување и
- го навредува достоинството и моралот на лицата упатени за можно вработување.
(2) Приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за вработување е должна, пред да го склучи договорот за посредување, правилно и навремено писмено да ги извести лицата за можни вработувања и за условите за понудената работа.

Член 40
За сите права од работен однос кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од општите прописи за работни односи.

V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 41
(1) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот за труд утврди дека субјектот на инспекцискиот надзор сторил прекршок утврден во членовите 42, 43, 44, 45, 46, 47 и 48 од овој закон, е должен за сторената неправилност и сторениот прекршок да состави записник, согласно со закон и со решение на субјектот на инспекцискиот надзор да му изрече опомена како инспекциска мерка и да му определи рок во кој е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците.
(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба заради отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.
(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот, согласно со закон.
(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот, согласно со закон.
(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот согласно со закон.
(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот (3) на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.
(7) Против решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.
(8) Жалбата од ставот (7) на овој член не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член.
(9) За изречените опомени надлежниот инспекциски орган води евиденција, на начин пропишан од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

**Прекршочни одредби**
Член 42
(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра на среден

работодавач - правно лице, глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- има склучено повеќе активни договори за привремени вработувања од предвидениот број согласно со лиценцата за склучување на договори која ја поседува (член 7 став (3)),
- го намали бројот на вработени, согласно со членот 9 од овој закон или намалениот број на вработени не го пополни во рок подолг од 15 дена (член 15 став (1) алинеја 3),
- приватната агенција за вработување врши дејност спротивна на дејноста за која е издадена лиценцата (член 15 став (1) алинеја 4 од овој закон),
- приватната агенција за вработување на вработените не им исплати плата и надоместоци на плата, три месеци од денот на настанување на обврската (член 15 став 1 алинеја 7 од овој закон),
- во договорот за вработување со привремениот агенциски работник, стави одредба со која се забранува или спречува склучување на договор за вработување помеѓу привремениот агенцискиот работник и работодавачот корисник (член 22 од овој закон),
- склучи договор за вработување со привремениот агенциски работник за исти привремени работи со прекин или без прекин во подолг рок од предвидениот со овој закон (член 24 став (2) и (3) од овој закон),
- наплати надоместок за услугите од привремените агенциски работници за извршеното вработување (член 25 став (2) од овој закон),
- не склучи договорот за отстапување на привремените агенциски работници, не го склучи во писмена форма и не чува примерок од истиот во своите работни простории на кои е регистрирано седиштето на приватната агенција за вработување и на работодавачот корисник (член 26 ставови (1), (2) и (3) од овој закон),
- договорот за отстапување на работник склучен со работодавачот корисник задолжително не ги содржи предвидените податоци согласно со овој закон (член 26 став (4) од овој закон),
- склучи договор за отстапување на привремен агенциски работник спротивно на овој закон (член 26 став (5) алинеи 1 и 2 од овој закон),
- не изготвува и не доставува посебна пресметка за плата и надоместоци на плата за вработените агенциските работници кај работодавачот корисник за секој работодавач корисник поединечно и за вработените во приватна агенција за вработувања со лиценца за привремени вработувања, поединечно (член 27 став (1) од овој закон),
- не му исплати плата и надоместоци на плата на отстапениот привремен агенциски работник првиот работен ден од денот на уплатата на средствата од страна на работодавачот корисник (член 27 став (2) од овој закон),
- не ги исплати обврските за плата и надоместоци на плата спрема отстапениот привремен агенциски работник, односно доколку работодавачот корисник не исплати една фактура кон приватната агенција за вработување (член 28 од овој закон),
- не склучи договор за вработување со работникот пред отстапување на работникот кај работодавачот корисник согласно со прописите од областа на работните односи (член 29 став (1) од овој закон),
- склучи договор за вработување со работникот кој се отстапува на работодавачот корисник, без да ги содржи сите елементи утврдени со овој закон (член 29 став (2) од овој

закон),
- склучи договор за привремениот агенциски работник со основна плата помала од основната плата на работникот кај работодавачот корисник што работи на исти работи, а ако таков нема, кој работи на слични работи (член 30 став (1) од овој закон),
- го раскине договорот за вработување со привремениот агенциски работник во друг отказен рок од отказниот рок утврден со овој закон (член 33 став (1) од овој закон) и
- му го раскине договорот за вработување на привремениот агенциски работник пред истекот на рокот утврден во договорот поради престанокот на потребата од привремен агенциски работник на работодавачот корисник, освен во случај на земјотрес, пожар, поплави и други елементарни непогоди (член 33 став (2) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 300 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

Член 43
(1) Глоба во износ од 150 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 200 до 400 евра на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- не го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот за отворање на подружница во рок од пет дена од денот на отворањето (член 9 став (7) од овој закон),
- при престанок на лиценцата, согласно со овој закон, не ги одјави привремените агенциски работници (член 16 став (2) од овој закон) и отстапи привремен агенциски работник на работодавачот корисник, без да има склучено договор за вработување (член 18 став (1) алинеја 2 од овој закон).
(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 250 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 350 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

Член 44
(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- не обезбеди исти основни услови за работа и вработување на отстапените привремени агенциски работници како за своите вработени (член 19 од овој закон),
- не ги информира привремените агенциски работници за сите објавени огласи за слободни работни места со истакнување на јавниот оглас на видно место во своите работни простории, по електронска пошта или СМС пораки (член 21 став (1) од овој

закон),
- не обезбеди еднаков пристап на привремените агенциски работници до обуките предвидени како за своите вработени (член 21 став (2) од овој закон),
- склучи договор за отстапување на работникот со работодавачот корисник, спротивно на овој закон (член 24 став (1) алинеи 1 до 6 од овој закон),
- примерок од секој склучен договор за отстапување на привремените агенциски работници не чува во работните простории на кои е регистрирано седиштето на приватната агенција за вработување и на работодавачот корисник (член 26 став (3)),
- работодавачот корисник отстапениот привремен агенциски работник го преотстапи на друг работодавач корисник (член 26 став (5) алинеја 2 од овој закон),
- не исплати една фактура кон приватната агенција за вработување со лиценца во рокот утврден во договорот за отстапување (член 28 од овој закон),
- не даде точни податоци на приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања за висината на основната плата за работното место или на него слично ако нема такво работно место на кое работи привремениот агенциски работник (член 30 став (2) од овој закон),
- работодавачот корисник го става привремениот агенциски работник во нееднаква положба согласно со овој закон, друг закон, колективен договор и акт на работодавачот корисник (член 31 став (3) алинеја 3 од овој закон) и
- го раскине договорот со приватната агенција за вработувања со лиценца за привремени вработувања, пред истекот на рокот утврден во договорот поради немање потреба од привремен агенциски работник на работодавачот корисник, освен во случај на виша сила (член 33 став (2) од овој закон).
(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 250 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 350 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.
(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 45
(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- приватната агенција за вработување со лиценца за посредување, два месеца последователно или три месеци во календарската година, не достави до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија податоци за лицата упатени за можно вработување, согласно со членот 38 од овој закон (член 15 став (1) алинеја 8 од овој закон),
- започне да врши услуги за посредување за вработување без да потпише договор за посредување со потенцијалниот работодавач во кој се утврдени условите за вработување (член 36 ставови (1), (2) и (3) од овој закон),

- бара или наплати надоместок за услугата за посредување од лицето упатено за можно вработување (член 34 став (2) од овој закон),
- посредувањето за вработувањето го врши спротивно на овој закон (член 35 став (1) и (2) од овој закон),
- склучи договор со потенцијален работодавач за посредување за вработување во земјата во кој не се уредени условите и начинот за вработување со посредување во земјата (член 36 став (2) од овој закон),
- склучи договор со потенцијалниот работодавач во земјата, кој не ги содржи елементите утврдени во овој закон (член 36 став (3) од овој закон),
- склучи договор со потенцијален работодавач за посредување за вработување во кој не се уредени условите и начинот за вработување со посредување во странство (член 37 став (2) од овој закон),
- склучи договор со потенцијалниот работодавач во странство кој не ги содржи потребните елементи утврдени во овој закон (член 37 став (3) од овој закон),
- не склучи договор за посредување во странство со лицето барател на работа, за меѓусебно утврдување на правата и обврските или договорот не ги содржи сите потребни податоци утврдени со овој закон (член 37 ставови (4) и (5) од овој закон),
- не обезбеди пред-договор за вработување со потенцијалниот работодавач од странство, согласно со овој закон или пред-договорот не го достави на увид на барателот на работата, со понуда за негово своерачно потпишување (член 37 став (6) од овој закон),
- не му исплати надоместок согласно со договорот за посредување на лицето кое се упатува за можно вработување во странство (член 37 став (8) од овој закон),
- ги принудува лицата упатени за можни вработувања кај потенцијалниот работодавач да ја прифатат понудената работа (член 39 став (1) алинеја 1 од овој закон),
- го принудува потенцијалниот работодавач да го прифати да работи лицето упатено за можно вработување (член 39 став (1) алинеја 2 од овој закон),
- користи детски труд при посредување за можно вработување (член 39 став (1) алинеја 3 од овој закон),
- го навредува достоинството и моралот на лицата упатени за можни вработувања (член 39 став (1) алинеја 4 од овој закон) и
- неправилно и ненавремено ги информира лицата за можни вработувања за условите за понудената работа (член 39 став (2) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече кај среден работодавач и 400 евра во денарска противвредност кај ќе му се изрече кај голем работодавач.

Член 46
(1) Глоба во износ од 150 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 400 до 600 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:

- не достави податоци до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, до петти во тековниот месец за претходниот месец, за лицата упатени во странство (член 38 став (1) од овој закон) и
- не ги чува договорите за посредување согласно со одредбите за архивско работење во работните простории на кои е регистрирано седиштето на агенцијата (член 38 став (2) од овој закон).
(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 250 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и 350 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

Член 47
(1) Глоба во износ од 300 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мал работодавач - правно лице, глоба во износ од 500 до 600 евра во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:
- потпише договор со приватната агенција за вработување, со лиценца за посредување во земјата, во кој не се содржани условите за вработување со лицето упатено за можно вработување и договорот не ги содржи потребните елементи (член 36 ставови (2) и (3) од овој закон),
- не ја информира приватната агенција за вработување со лиценца за посредување за резултатот од интервјуто за вработување со упатеното лице за разговор за можно вработување (член 36 став (4) од овој закон),
- не склучи договор со избраното лице упатено за можно вработување (член 36 став (5) од овој закон) и
- не му ги исплати договорените обврски, согласно со договорот за вработување, што го склучило со лицето упатено за можно вработување (член 36 став (7) од овој закон).
(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, 300 евра во денарска противвредност на кај среден работодавач и 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.
(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 48
(1) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице од органот кој ја води постапката и надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците, ако:
- не ги обезбеди доказите во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 5 став (2)),
- не ги обезбеди бараните докази согласно овој закон од денот на приемот на барањето дека правното лице е регистрирано согласно со закон и ги исполнува другите услови утврден со овој закон (член 5 став (3) од овој закон) и

- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на доставувањето на документите и доказите за исполнување на условите за добивање на лиценца (член 13 од овој закон).

Член 49
(1) Прекршочна постапка за прекршоците од членовите 42, 43, 44, 45, 46 и 47 од овој закон ја води и прекршочна санкција изрекува прекршочна комисија која е формирана од министерот надлежен за работите од областа на трудот.
(2) За прекршоците од членот 48 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.
(3) Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на прекршочната комисија од ставот (1) се спроведува согласно со Законот за прекршоци.

**Порамнување**
Член 50
(1) За прекршоците од членовите 42, 43, 44, 45, 46 и 47 од овој закон, надлежниот инспектор, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач ќе му понуди постапка за порамнување, со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.
(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.
(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за труд и социјална политика.

Член 51 е избришан.

Член 52
Државниот инспекторат за труд, за извршените контроли изготвува квартални извештаи, кои се објавуваат на веб страницата на министерството надлежно за работите од областа на трудот и на веб страницата на Државниот инспекторат за труд.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53
Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” број 49/2006, 102/2008, 145/10, 136/11, 13/13, 38/14, 98/15, 147/15, 27/16, 119/16 и 21/18).

Член 54
Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 55

(1) Постојните агенции за привремени вработувања и агенциите за посредување за вработување, се должни да поднесат барање согласно со овој закон за издавање на лиценца од членот 7 став (1) од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) На постојните агенции за привремени вработувања и агенциите за посредување за вработување коишто нема да поднесат барање во рокот од ставот (1) на овој член, ќе им престанат со важност лиценците издадени пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 56

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” број 49/2006, 102/2008, 145/10, 136/11, 13/13, 38/14, 98/15, 147/15 и 27/16) и Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16 и 21/18).

Член 57

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.